Врз основа на член 42 од Законот за средното образование (Сл. весник бр. 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 10/15, 98/15,145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и Службен Весник на РСМ бр. 229/220, член 44, 45, 142 и 146 од Статутот на Средното училиште на Град Скопје гимназија „Никола Карев" - Скопје, Училишната комисија за упис на ученици во прва година на ден 18.04.2024 година го објавува следниот

Бр. 03 – 260/4
18.04 2024 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС
## за запишување ученици во учебната 2024//2025 година во Средно училиште на Град Скопје гимназија „НИКОЛА КАРЕВ“ - Скопје

## I. БРОЈ НА УЧЕНИЦИ

Во прва година ќе се запишат 272 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик според наставните планови и програми за:

**Гимназиско образование-238 ученици, 7 паралелки, 60 поени минимум**

**Гимназиско образование – 34 ученици, 1 паралелка, 60 поени минимум (паралелка во која ќе се изучува италијански јазик со 6 часа неделен фонд; и за која ќе се спроведе дополнително тестирање за познавање на италијанскиот јазик А1.1 ниво со максимален број на бодови од тестирањето вкупно 30 )**

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

При пријавувањето.учениците треба да ги поднесат следните документи:

- пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува МОН и ја објавува на официјалната веб страница и истата е бесплатна);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи(доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).

## III. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците ке се врши во јунски уписен рок со две пријавувања. Пријаувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

Првото пријавување ќе се врши од 20 јуни до 25 јуни 2024 година до 15:00 часот. Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 20, 21 и 24 јуни од 07:00ч до 17:00ч и на 25 јуни од 07:00ч до 15:00ч.

Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места училиштето ке објави на 26 јуни 2024 година, најдоцна до 09:00ч на јавно место во училиштето и /или на училишната интернет страница.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 28 јуни 2024г, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 28 јуни 2024г на јавно место во училиштето.

Второто пријавување на учениците ќе се врши на 01 јули и на 02 јули 2024 г. до 15:00ч
Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 01 јули 2024 г. од 07:00ч до 17:00 ч и на 2 јули од 07:00ч до 15:00ч.
Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места училиштето ке објави на 03 јули 2024 година, најдоцна до 09:00ч на јавно место во училиштето и /или на училишната интернет страница.
Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 5 јули 2024г, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 5 јули 2024г на јавно место во училиштето

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после уписниот рок со две пријавувања.
Пријавувањето на учениците ќе се врши на 21 август од 00:00 до 15:00ч. Електронски.
Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 21 август 2024 г. од 07:00ч до 17:00 ч.
Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето училиштето ќе ја објави на 22 август 2024 година, најдоцна до 12:00ч.
**По објавувањето на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата има обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.**

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериуми за избор на учениците се:
- среден успех на ученикот од VI - IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката;
- дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од МОН) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно од изборното подрачје;
- средна вредност од поени добиени за поведение.од VI до IX одделение.

Директор
Андреј Манолев

Претседател на Училишна комисија